**Р Е Ф Е Р А Т**

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ МЕТОДИКА НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК И МЕТОДИКА НА ЛИТЕРАТУРАТА ПО АНГЛИСКИ ЈАЗИК НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 1902-158/4 од 24.11.2015 година донесена на 132. седница на Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, одржана на 24.11.2015 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на *еден наставник во сите звања* за наставно-научните области *методика на англиски јазик и методика на литературата по англиски јазик* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Комисијата работеше во следниов состав:

– проф. д-р Анжела Николовска – претседател, вонреден професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
– проф. д-р Екатерина Бабамова – член, редовен професор на Филолошки факултет „Блаже Конески“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во пензија);
– проф. д-р Виолета Димова – член, редовен професор на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 4.11.2015 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: **доц. д-р Нина Даскаловска,** доцент на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип**.**

Врз основа на приложената документација од кандидатката, доц. д-р Нина Даскаловска, чест ни е на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **доц. д-р Нина Даскаловска** е родена на 9 мај 1965 година во Струмица, каде што завршува основно и средно образование. Во 1983 година се запишува на Филолошки факултет „Блаже Конески“ во Скопје на Катедрата за англиски јазик и книжевност, наставна и преведувачка насока, а дипломира во 1987 година. По дипломирањето една година работи како преведувач во Македонска радиотелевизија (МРТ) - Скопје, наредната година работи како наставник по англиски јазик во ОУ „Кирил и Методиј“ во Тетово, а од 1989 година до октомври 2008 година е вработена како наставник по англиски јазик во СОУ „Јане Сандански“ во Струмица. Од ноември 2008 година е вработена како помлад асистент по англиски јазик на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2005 година се запишува на постдипломски студии по применета лингвистика и настава по англиски јазик на Универзитетот Нотингем во Велика Британија, а во 2007 година го одбранува магистерскиот труд под наслов ***„Литературата во наставата по странски јазици: Јазичен пристап кон обработка на романот ‘Кон светилникот’“,*** со што се здобива со научен степен **магистер по применета лингвистика и настава по англиски јазик.**

Во 2008 година ја пријавува темата за изработка на докторска дисертација со наслов ***„Усвојување на вокабуларот на англискиот како странски јазик во Р. Македонија преку екстензивно читање“*** на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, која успешно ја одбранува на 22 февруари 2011 година и се здобива со научен степен **доктор по филолошки науки.** Истата година е избрана во звање ***доцент за наставно-научните области методика на англиски јазик и методика на***

***литературата по англиски јазик*** на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**1.** ***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор***

**1.1. Доцент од научната област во која се избира:** Д-р Нина Даскаловска е избрана во наставно-научно звање **доцент за наставно-научните области *методика на англиски јазик и методика на литературата по англиски јазик*** на 4 мај 2011 година (Универзитетски билтен бр. 58 од 15.4.2011) со Одлука бр. 2402-54/6 на ННС на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**1.2. Објавени повеќе трудови од кои најмалку осум во научни списанија (во земјава/странство), од кои најмалку пет труда се во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации помеѓу двата избора:**

| **Бр.** | **Автор** | **Наслов на трудот** | **Списание** | **Години на излегување на списанието** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Nina Daskalovska | Corpus-based versus traditional learning of collocations | Computer Assisted Language Learning (меѓународно списание) **2014 Impact Factor = 1.000** | 25 |
| 2 | Nina Daskalovska | Incidental vocabulary learning through reading | Journal of Linguistics and Language Teaching (меѓународно списание) | 5 |
| 3 | Nina Daskalovska | Incidental vocabulary acquisition from reading an authentic text | The Reading Matrix (меѓународно списание) | 14 |
| 4 | Nina Daskalovska | Learning grammar and vocabulary through reading: A case study | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research (меѓународно списание) | 7 |
| 5 | Nina Daskalovska | Reading and vocabulary acquisition | The International Journal of Foreign Language Teaching (меѓународно списание) | 11 |
| 6 | Nina Daskalovska | The impact of reading on three aspects of word knowledge: spelling, meaning and collocation | Procedia – Social and Behavioral Sciences (меѓународно списание) | 7 |
| 7 | Nina Daskalovska & Violeta Dimova | Why should literature be used in the language classroom | Procedia – Social and Behavioral Sciences (меѓународно списание) | 7 |
| 8 | Нина Даскаловска | Улогата на фидбекот во подобрување на учењето и успехот на учениците. | Knowledge International Journal, 5, 10/1 (меѓународно списание) | 5 |

**1.3. Објавена рецензирана скрипта и објавен рецензиран практикум од**

**соодветната научна област за која се избира кандидатот во електронска форма во е-библиотеката на веб-страницата на УГД:**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Издавач | Година на издавање |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Нина Даскаловска | English Language Teaching: Key Issues (*рецензирана скрипта*) | Универзитет „Гоце Делчев“, Штип | 2014 |
| 2. | Нина Даскаловска | English Language Teaching: Key Issues - Workbook (*рецензиран практикум*) | Универзитет „Гоце Делчев“, Штип | 2014 |

***2. Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

**2.1. Наставно-образовна дејност:** Доц. д-р Нина Даскаловска е избрана во наставно-научно звање *доцент за наставно-научните области методика на англиски јазик и методика на литературата* на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во април 2011 година (Универзитетски билтен бр. 58 од 15.4.2011 година) со Одлука бр. 2402-54/6 од 4.5.2011 година на ННС на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката успешно ги извршува своите наставни активности како доцент по следните предмети на **прв циклус студии** на Филолошкиот факултет:

- Теорија на методиката на наставата по англиски јазик и книжевност 1 (2+2+1) – задолжителен предмет;
- Теорија на методиката на наставата по англиски јазик и книжевност 2 (2+2+1) – задолжителен предмет;
- Методика на наставата по англиски јазик и книжевност 1 (пракса) (2+2+2) - задолжителен предмет;
- Методика на наставата по англиски јазик и книжевност 2 (пракса) (2+2+2) - задолжителен предмет;
- Историја на англискиот јазик (2+1+1) - изборен предмет;
- Методика на наставата по англиски јазик – модул рано учење на англискиот јазик на Факултетот за образовни науки (1+1+1) – изборен предмет.

Кандидатката, исто така, активно учествува во реализација на наставата на **втор циклус студии** на Филолошкиот факултет, каде што реализира предавања по следниве предмети:

- Теорија и практика во наставата по англиски јазик и книжевност (3+2+2) - задолжителен предмет;
- Усвојување на англискиот како странски јазик (3+2+2) - задолжителен предмет;
- Технологијата во наставата по англиски јазик (2+2+1) – изборен предмет;
- Литературата во наставата по англиски јазик (2+2+1) – изборен предмет;
- Деловен англиски јазик (2+2+1) – изборен предмет.

За потребите на наставно-образовниот процес на Филолошкиот факултет во Штип, доц. д-р Нина Даскаловска има објавено на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип три рецензирани скрипти и еден рецензиран практикум. Треба да се истакне дека кандидаткатадоц. д-р Нина Даскаловска била ментор за изработка на дипломски трудови на над педесетина кандидати на прв циклус, како и ментор за изработка на магистерски трудови на четири кандидати на втор циклус студии на Катедрата за англиски јазик и книжевност. Исто така, била член на бројни комисии за одбрана на дипломски трудови на Филолошкиот факултет во Штип.

**2.2. Научноистражувачка дејност:** Доц. д-р Нина Даскаловска е автор и коавтор на голем број трудови објавени во домашни и меѓународни списанија и зборници, меѓу кои и еден труд во списание со импакт фактор.

**I. Трудови со оригинални научни резултати објавени во научни списанија опфатени во СЦИ.**

**1. Daskalovska, Nina** (2015). Corpus-based versus traditional learning of collocations. *Computer Assisted Language Learning, 28*(2), 130-144. **Impact Factor 2014=1.000**

**Евалуација на трудот:** Еден од аспектите на знаење на зборот е знаењето со кои други зборови тој обично се употребува. Бидејќи знаењето на колокациите на зборовите е неопходно за правилно и течно користење на јазикот, учењето на колокациите треба да претставува составен дел на учењето на вокабуларот. Во овој труд се истражува ефективноста на активности со користење на корпуси за учење на колокациите глагол-прилог споредено со традиционални активности кои вообичаено се среќаваат во учебниците. Резултатите покажуваат дека учесниците кои ги учеа колокациите со помош на корпус стекнаа поголеми знаења за колокациите и имаа подобри резултатите на сите делови од тестот.

**II. Трудови со оригинални научни резултати објавени во домашни и меѓународни списанија и зборници на трудови**

**2. Daskalovska, Nina** (2015). Learning grammar and vocabulary through reading: A case study. *International Journal of Sciences: Basic and Applied Research,* 19(1)*,* 56-62.

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд е да се истражи ефектот од екстензивното читање на подобрувањето на знаењето на граматиката и вокабуларот. Учесникот во истражувањето прочита 15 книги по свој избор во текот на два месеци. Пред и по третманот беше тестиран за неговото знаење на граматиката и вокабуларот. Резултатите од тестовите покажаа дека имаше подобрување на тоа знаење како резултат на екстензивното читање, што имплицира дека вклучувањето на екстензивното читање во наставата по странски јазици може значително да придонесе за усвојување на странскиот јазик.

**3. Daskalovska, Nina** (2014). Incidental Vocabulary Acquisition from Reading an Authentic Text. *The Reading Matrix: An International Online Journal*, 14(2), 201-216. ISSN 1533-242X

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се истражува дали читањето на автентични текстови може да придонесе за усвојување на вокабуларот. Во истражувањето учествуваа 18 студенти по англиски јазик и книжевност од прва година кои ги читаа првите осум глави од книгата „Гордост и предрасуда“. Беа одбрани 51 целни зборови кои се среќаваа помеѓу два и десет пати во текстот. Резултатите покажаа дека учесниците го научија значењето на 26,9 од претходно непознатите целни зборови. Не беше забележана разлика помеѓу учесниците со различна големина на вокабуларот. Усвојувањето на зборовите до одреден степен зависеше од честотата на зборовите во текстот.

**4. Daskalovska, Nina** (2014). Incidental Vocabulary Learning through Reading. *Journal of Linguistics and Language Teaching*, 5(1), 57-65. ISSN 2190-4677.

**Евалуација на трудот:** Целта на овој труд беше да се реплицира истражувањето направено од Захар, Коб и Меара и да се споредат резултатите. Истражувањето беше спроведено со студенти по англиски јазик и книжевност од прва година. Резултатите покажаа дека учесниците научија еден од три непознати зборови и дека постои корелација помеѓу големината на вокабуларот и честотата на зборовите во текстот со степенот на усвојувањето на вокабуларот.

**5. Daskalovska, Nina** (2014). Reading and Vocabulary Acquisition. *The Interna-tional Journal of Foreign Language Teaching, 9*(2), 2-8.

**Евалуација на трудот:** Истражувањата за усвојување на вокабуларот покажуваат дека учениците може да усвојат многу зборови преку читање. Резултатите од ова истражувања ги потврдија резултатите од претходните истражувања и покажаа дека учесниците го усвоија значењето на 3,02 или 26% од претходно непознатите зборови. Исто така, ова истражување ги потврди тврдењата за постоење врска помеѓу големината на вокабуларот на учесниците и степенот на усвојување на нови зборови.

**6. Даскаловска, Нина** и Ивановска, Билјана (2014). Форми на работа во наставата по странски јазици. *Меѓународен дијалог: Исток – Запад, 1*(1), 258-263.

**Евалуација на трудот:** Помеѓу многуте улоги кои ги имаат наставниците во училницата е улогата на организатор. Таа е една од најважните улоги, бидејќи за да биде

успешен процесот на учење е потребно да се задоволат одредени услови. Ако во училницата нема ред, ако учениците не добијат јасни инструкции пред да започнат некоја активност, ако паровите и групите не се добро организирани, ако активностите не се интересни за учениците, ако не постојат утврдени правила на однесување во училницата, резултатот ќе биде хаотична атмосфера која не е погодна за учење. Затоа не е доволно наставникот само да ја знае добро материјата која ја предава и да биде способен да им го пренесе тоа знаење на учениците. Подеднакво важно е наставникот да биде способен да го организира часот и да создаде атмосфера погодна за учење. Овој труд е фокусиран на еден аспект од организацијата на часот кој се однесува на формите на работа на час.

**7.** Ивановска, Билјана и **Даскаловска, Нина** (2014). Преглед на традиционалните модели за повратноста во македонскиот и во германскиот јазик. *Годишен зборник на Филолошки факултет*, УГД, Штип, 5. pp. 9-18. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** Во трудот се дава преглед на некои поважни традиционални модели за повратноста што се обработени во македонските и во германските граматики и се објаснуваат некои аспекти за повратноста во македонскиот и во германскиот јазик што биле испитувани досега. Во овој труд не се анализираат детално сите пристапи кои го опишуваат овој проблем, но истите се користат во обработката на конкретни прашања. Целта е да се направи споредба на повратноста во германскиот јазик со онаа во македонскиот јазик и да се објаснат сличностите и разликите во двата јазични системи.

**8.** **Даскаловска, Нина** и Ивановска, Билјана (2014). Важноста на интеракцијата во наставата по странски јазици. *Годишен зборник на Филолошки факултет*, УГД. Штип, 5. pp. 169-182. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** Потрагата по најдобрите начини за учење на странски јазици резултира во многу теории, методи и приоди. Современите трендови во наставата се фокусираат на комуникативните приоди, чијашто цел е развивање на комуникативната компетенција како главна цел на учењето на јазици. Многу лингвисти се согласуваат дека ако целта на програмите за учење странски јазици е развивање на комуникативните вештини, тогаш таа цел треба да се постигне преку комуникација во училницата. Според тоа, интеракцијата во училницата е основниот предуслов за развивање на јазичните знаења и способности на учениците. Во овој труд се дава преглед на истражувањата во оваа област и се дискутира за важноста на интеракцијата во наставата, видовите на интеракција и начините на развивање на интерактивните вештини.

**9.** Ivanovska, Biljana and **Daskalovska, Nina** (2014). The I-perspective and the individual's inner world reflected in emotional vocabulary. *Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers,* 1&2. ISSN 1857-923X

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се дава опис на лингвистичките единици кои се позврзани со внатрешиот свет на луѓето. Тоа се зборовите кои опишуваат различни емоционални состојби. Се анализираат именки, глаголи и придавки со кои се опишуваат емоционални состојби како вознемиреност, страв, насилство, чувствителност и слично.

**10.** Donceva, Marija and **Daskalovska, Nina** (2014). The role of literature in learning English and its effects on learners' linguistic competence. *Yearbook of the Faculty of Philology* 2014, Goce Delcev University, 5. pp. 214-225. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** Наставниците можат да ја користат литературата како моќна алатка за учење на странски јазик. Преку литературата може да се учи вокабулар, изговор, граматика, стилистика и други аспекти на јазикот. Целта на овој труд е да се објасни како тоа може да се постигне преку различни модели на поучување. Во трудот се даваат причините за вклучување на литературата во наставата по странски јазици и се објаснува улогата на ученикот како читател. Заклучокот е дека литературата може да биде силна методолошка алатка која ќе ги мотивира и поттикнува учениците во процесот на учење на јазикот.

**11.** Susinova, Katerina and **Daskalovska, Nina** (2014). The use of language learning strategies by primary and secondary school EFL learners. *Yearbook of the Faculty of Philology* 2014, Goce Delcev University, 5. pp. 203-211. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** Со години научниците и лингвистите се обидуваат да ги откријат причините и факторите кои влијаат врз успешното усвојување на странски јазици.

Целта на ова истражување е да се утврди дали успешните ученици во завршните години од основното и средното образование користат слични или различни стратегии за учење на англискиот јазик. Резултатите покажуваат дека постојат сличности, но се забележуваат и одредени разлики помеѓу различните групи на ученици.

**12. Даскаловска, Нина** и Ивановска, Билјана (2013). Развивање на вештините на читање. *Годишен зборник на Филолошки факултет*, УГД - Штип (4). pp. 155-160. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** Една од целите на наставата по странски јазици е учениците да се оспособат да читаат различни видови на текстови на странскиот јазик, да научат како да го адаптираат стилот на читањето според целите на читањето, да ги применуваат стратегиите за читање, да го збогатуваат знаењето на вокабуларот и структурите на јазикот, да го проширувaат своето општо знаење кое ќе им овозможи полесно интерпретирање на текстовите итн. Но, за да се постигне таа цел, учениците треба да совладаат голем број вештини кои ќе им овозможат да читаат течно и со разбирање. Во овој труд се дава преглед на факторите кои влијаат врз разбирањето на текстовите при читање. Бидејќи вештините на читање се стекнуваат преку читање, се препорачува учениците да почнат да читаат уште од почеток на изучување на странскиот јазик и да стекнат навика за читање која ќе им овозможи да ја подобрат способноста за читање, што од друга страна ќе придонесе за подобро усвојување на јазикот.

**13.** Ивановска, Билјана и **Даскаловска, Нина** (2013). Преглед и класификација на глаголите што искажуваат психичка состојба во германскиот и во македонскиот јазик. *Годишен зборник на Филолошки факултет*, УГД Штип (4). pp. 15-21. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** Предмет на овој труд е анализа на глаголите што искажуваат психичка состојба кај човекот, а се поврзани со семантичкиот признак „емоционалност“ во германскиот и во македонскиот јазик. Под поимот глаголи што искажуваат психичка состојба подразбираме одредено множество глаголи што изразуваат состојба на љубов, омраза, чудење, сомнение, жал, срам, радост, страв, лутина и други емотивни состојби кај човекот. Во оваа група глаголи спаѓаат глаголите: се/сака (/sich/ lieben), се/мрази (hassen), се/чуди (/sich/ wundern), се сомнева (zweifeln), /се/ жали (trauern), /се/ срами (/sich/ schämen), се радува (/sich/ freuen), /се/ плаши (/sich/ fürchten), /се/ лути (/sich/ ärgern) и други. Бројот на овие глаголи е голем и во понатамошниот текст табеларно е претставена група од четириесет глаголи и се дава предлог за нивна поделба, укажувајќи на разликите меѓу ваквиот тип на глаголи во германскиот и во македонскиот јазик.

**14. Daskalovska, Nina** (2013). WebQuest – an effective online tool for language learning and development. *Меѓународен дијалог: Исток – Запад*, 4. pp. 430-435. ISSN 978-608-4689-04-1

**Евалуација на трудот:** Компјутерите и интернетот отвораат многу можности за учење на јазикот. Постојат многу веб-страници и софтверски програми кои им обозможуваат на учениците да го подобрат своето знаење и вештини преку комуницирање со други говорители на јазикот и учество во активности кои обезбедуваат поавтентични услови за учење. Во овој труд се опишува една од многуте алатки за учење на јазик на интернет – WebQuest, која е базирана врз истражување и користење на автентични материјали.

**15. Daskalovska, Nina** and Dimova, Violeta (2012). Why should literature be used in the language classroom? *Procedia - Social and Behavioral Sciences*, 46, 1182-1185. ISSN 1877-0428

**Евалуација на трудот:** Комуникациските приоди кои се појавија во 70-тите години на 20 век ја истакнуваат важноста на користењето на автентични материјали и активности во наставата кои им овозможуваат на учениците да ја развијат својата комуникативна компетенција за да можат да го користат јазикот за вистинска комуникација надвор од училницата. Во овој труд се дискутира дека вклучувањето на литературата во наставата по странски јазици ќе им овозможи на учениците да го користат јазикот покреативно и да развијат поголема свесност за јазикот кој го изучуваат.

**16.** Ивановска, Билјана и **Даскаловска, Нина** (2012). Модалните честички во германскиот јазик и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик. *Годишен зборник на Филолошки факултет,* 3. pp. 145-150. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** Историскиот преглед на истражувањето на честичките е контроверзен од почеток, дотолку повеќе што честичките сè уште се тежок објект за истражување. Со години истражувањето на честичките се вршеше само на пишаниот јазик, бидејќи не постоеше интерес за малата група нефлектирани зборови кои не носеа граматичка точност на целата реченица. Во овој труд даваме преглед на модалните честички во германскиот јазик и нивните преводни еквиваленти во македонскиот јазик.

**17.** Ивановска, Билјана и **Даскаловска, Нина** (2012). Персонализацијата во наставата по странски јазик не е само наука, туку и уметност. *Годишен зборник на Филолошки факултет,* 3. pp. 65-68. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** Овој труд дава осврт на персонализацијата во наставниот процес и нејзината имплементација во индивидуалниот пристап при предавањето и изучувањето на странски јазик, преку семинари кои се изведуваат на Филолошкиот факултет во Штип, а се ориентирани кон постигнување резултати на индивидуално ниво при работа со студентите. Преку персонализација на наставниот процес, ниту еден учебник не е доволен сам за себе, така што наставниците не треба да ги обесхрабруваат студентите во постигнување на претходно утврдените цели и треба да ја преиспитаат својата функција и улога за доброто на сите страни инволвирани во наставата. Крајната цел на образовниот процес е да се даде автономија на студентите и да им се помогне да станат независни и креативни личности, преку изучувањето и користењето на странскиот јазик.

**18. Даскаловска, Нина** (2012). Информатичката технологија, стиловите на учење и видовите на интелигенција. *Образовни рефлексии* (1). pp. 3-18. ISSN 1409-5270

**Евалуација на трудот:** Различните стилови на учење и различните видови на интелигенција кои ги поседуваат учениците бараат различни пристапи и активности кои ќе им помогнат да стекнат знаења и вештини на начинот кој најмногу им одговара, но и да им овозможат да откријат и други стилови и приоди на учење и да развијат и други способности и вештини за да можат да се изградат во сестрани и успешни личности и професионалци. Во овој труд се дискутира за можностите кои ги нуди информатичката технологија за постигнување на таа цел и се дава преглед на различните технолошки алатки кои може да се применуваат во наставата за користење и развивање на различните стилови на учење и различните видови на интелигенција.

**19. Даскаловска, Нина** (2012). Ментален лексикон. *Годишен зборник на Филолошки факултет,* 3. pp. 65-68. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** Во текот на животот луѓето усвојуваат голем број зборови. Според некои проценки, изворните говорители на англискиот јазик со завршено средно образование знаат околу 20.000 зборовни семејства или 32.000 лексички единици. Според други проценки, тој број е многу поголем и може да биде и над 50.000. Овие бројки и фактот дека зборовите се пронаоѓаат за една петина од секундата зборуваат за голема организираност на зборовите во умот или во менталниот лексикон. Иако истражувачите се обидуваат да продрат во тајните на умот и да ги откријат организацијата и функционирањето на менталниот лексикон, голем дел од тоа сè уште е мистерија. Во овој труд се дискутира за истражувањата на менталниот лексикон и метафорите со чија помош се вршат обиди да се отсликаат содржината и организацијата на менталниот лексикон.

**20. Даскаловска, Нина** и Ивановска, Билјана (2012). Лексичка компетенција. *Годишен зборник на Филолошки факултет*, 3. pp. 65-68. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** Учењето на странски јазик е комплексен процес кој вклучува стекнување на повеќе видови компетенции кои ќе им овозможат на учениците успешно да го користат јазикот во разновидни ситуации. Една од тие компетенции е лексичката компетенција. Според Заедничката европска референтна рамка за јазиците, големината, опсегот и контролата на вокабуларот се главните параметри за усвојувањето на јазикот, за одредување на нивото на јазичната компетенција и за планирање на наставата. Меѓутоа, и покрај важноста на лексичката компетенција, сè уште немаме соодветна теорија за тоа кои фактори влијаат врз развивање на лексичката компетенција. Во овој труд се дискутира за различните приоди за дефинирање на лексичкото знаење и за моделите на лексичка компетенција, се потенцира сложеноста на усвојувањето на вокабуларот и неговата важност за развивањето на комуникативната компетенција кај учениците и се укажува на

неопходноста од посветување посебно внимание на вокабуларот во наставата по странски јазици.

**21.** Ivanovska, Biljana, **Daskalovska, Nina** and Celik, Mahmut (2012). A Contrastive Analysis in the Meaning of the Linguistic Units in the Contemporary German and Macedonian Language. *Procedia – Social and Behavioural Sciences, Vol. 46, 1198-1202.*

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се анализираат сличностите и разликите на лингвистичките единици во современиот германски и македонски јазик, како и лексичките структури во двата јазика кои се однесуваат на терминот „сродство".

**22.** Koleva Gudeva, Liljana, Dimova, Violeta, **Daskalovska, Nina** and Trajkova, Fidanka (2012). Designing descriptors of learning outcomes for Higher Education qualification. *Procedia - Social and Behavioral Sciences*, 46, pp. 1306-1311. ISSN 1877-0428.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се дава преглед на квалификациските дескриптори од Националната рамка за квалификации во високото образование и нивното значење во процесот на високото образование на прв, втор и трет циклус на студии. Се дава посебен осврт на развивањето на дескрипторите во Република Македонија.

**23. Daskalovska, Nina** (2012). *How does reading affect reading comprehension, grammar and vocabulary knowledge?* IATEFL 2012 Conference Selections. pp. 86-88. ISSN 978-1901095-42-5

**Евалуација на трудот:** Многу лингвисти се согласуваат дека читањето може да има позитивен ефект во учењето на странски јазици, што е покажано со голем број студии. Во овој труд е презентирано истражување со 14-годишен учесник кој прочита 15 книги во текот на два месеци. За да се утврди ефектот од читањето, беше тестирано разбирањето при читање, знаењето на граматиката и вокабуларот пред и по читањето. Резултатите покажаа подобрување во сите три области.

**24. Daskalovska, Nina**, Koleva Gudeva, Liljana and Ivanovska, Biljana (2012).

Learner motivation and interest. *Procedia - Social and Behavioral Sciences*, 46, 1187-1191. ISSN 1877-0428

**Евалуација на трудот:** Многу фактори влијаат на успешноста врз учењето на странски јазици. Еден од најважните фактори е мотивацијата. Истражувањата покажуваат дека учениците кои имаат силна мотивација можат да постигнат многу без разлика на околностите. Во овој труд се дискутира за важноста на мотивацијата, различните видови на мотивација и начините на поттикнување на мотивацијата и интересот кај учениците.

**25. Daskalovska, Nina** (2011). The impact of reading on three aspects of word knowledge: spelling, meaning and collocation. *Procedia - Social and Behavioral Sciences,* 15. pp. 2334-2341.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се презентира истражување за степенот на усвојување на повеќе аспекти на знаење на вокабуларот преку читање. Резултатите покажуваат дека учесниците во истражувањето усвоиле 25% од целните зборови и дека имало подобрување во знаењето на сите истражувани аспекти.

**26.** Ивановска, Билјана и **Даскаловска, Нина** (2011). Важноста на јазикот и на културата во системот на здравствена заштита. *Годишен зборник на Филолошки факултет*, УГД, Штип. pp. 123-128. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** Република Македонија е мултикултурна земја и со секоја измината година сѐ повеќе даватели на здравствени услуги го препознаваат предизвикот од зголемена грижа за пациентите со различни лингвистички и културни позадини. Здравствените професионалци и менаџери мора да имаат основно разбирање за влијанието на јазикот и на културата со цел ефикасно давање здравствена услуга што ќе ги исполни стандардите на здравствениот менаџмент и очекувањата на општата популација.

**27.** Ивановска, Билјана и **Даскаловска, Нина** (2011). Тенденција кон интернационализација на наставните програми во високото образо-вание. *Образованието во 21 век*. pp. 255-257. ISSN 978-608-4616-24-5

**Евалуација на трудот:** Интернационализацијата на наставните програми и планови може да се спроведе на различни начини и тоа ќе зависи од конкретната научна област и подрачје. Студиските програми со интернационална содржина може да имаа споредбена димензија или да имаат за цел посредување интеркултурни компетенции и нивно

проширување и продлабочување. Преку размената на гости-доценти и студенти од странство доаѓаат нови импулси и смерници во развојот на наставата, а со тоа се продлабочуваат методските и дидактичките цели и компетенции во наставната содржина.

**28. Даскаловска, Нина** и Ивановска, Билјана (2011). Видови на наставни програми по странски јазици. *Годишен зборник на Филолошкиот факултет*, УГД, Штип. pp. 151-158. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** Наставниците по странски јазици отсекогаш барале ефективни начини за учење на јазикот. Како резултат на таа потрага по најдобрите и најефективните начини за учење на странските јазици се развиле голем број на различни приоди и методи. Овие приоди влијаеле врз креирањето на наставните програми, што резултирало со развој на различни видови на наставни програми. Во овој труд се дискутира за различните видови на наставни програми и нивната поделба врз основа на начинот на кој ја дефинираат содржината и ги одредуваат селекцијата и организацијата на лингвистичките елементи и на задачите и активностите. Поаѓајќи од поделбата на наставните програми на Тип А и Тип Б, се анализира по еден пример од двата типа и се дискутира за нивните добри и лоши страни. Се нагласува потребата наставниците да ги познаваат различните видови на наставни програми за да бидат во состојба да вршат правилен избор на начинот на кој предаваат и на методите кои ги користат.

**29. Даскаловска, Нина** и Ивановска, Билјана (2011). Процеси на читање. *Воспитание - Списание за образовна теорија и практика*, 11, pp. 157-164.

**Евалуација на трудот:** За да им се помогне на учениците да ја совладаат вештината на читањето, наставниците треба да знаат што е можно повеќе за процесите кои се вклучени во читањето и како да го применат тоа знаење во наставата. Во овој труд се дискутира за процесите вклучени во читањето, како и моделите на читање со кои се прави обид да се објаснат тие процеси. Препораката за наставниците е дека за да им се помогне на учениците да ја развијат вештината на читање, покрај презентирање и вежбање на стратегии за читање, наставниците треба да ги поттикнуваат учениците да читаат колку што можат повеќе. За таа цел, неопходно е во програмите за читање да се вклучи и компонента за екстензивно читање.

**30. Даскаловска, Нина** (2011). Модели на процесот на читање. *Годишен зборник на Филолошки факултет,* УГД - Штип, 2. pp. 169-179. ISSN 1857-7059

**Евалуација на трудот:** За да се објаснат менталните активности вклучени во читањето, истражувачите создале модели на процесот на читање. Во овој труд се дава преглед на моделите на процесот на читање на мајчин јазик кои се најзастапени во литературата за читање на странски јазик и се дискутира за сознанијата кои може да ги дадат во однос на читањето на странски јазик. Тие се поделени во три групи според акцентот што го ставаат на текстуалните фактори (вокабуларот, синтаксата, реторичката структура, содржината) и индивидуалните фактори (општото знаење на читателите, нивните когнитивни вештини, интересите и целите на читањето, стратегиите кои ги користат). Постојат три главни категории на модели на процесот на читање: „bottom-up“ модели, „top-down“ модели и интерактивни модели.

**31. Даскаловска, Нина** (2011). Експлицитно и имплицитно усвојување на странските јазици. *Литературен збор*, 1-6, pp. 211-223. ISSN 0024-4791

**Евалуација на трудот:** Истражувањата за начините на учење на јазиците довеле до дистинкцијата помеѓу експлицитното и имплицитното учење на јазикот. Експлицитното учење е свесна операција каде што лицето обрнува внимание на одредени аспекти на стимулот и поставува и тестира хипотези во потрага по одредена структура, додека имплицитното учење е усвојување на знаење за структурата на комплексен стимул преку процес кој се случува природно и без свесни операции. Во овој труд се дискутира за дистинкцијата помеѓу експлицитното и имплицитното учење на јазикот, нивната поврзаност и импликациите за наставата по странски јазици.

**32. Daskalovska, Nina** (2011). Can reading authentic texts improve EFL learners' vocabulary knowledge? *IATEFL 2011 Conference Selections*.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се презентирани резултатите од истражувањето за усвојување на вокабуларот преку читање на автентичен текст на два начина: само

читање и читање со слушање. Резултатите покажуваат дека и двата начина придонесуваат за усвојување на вокабуларот, но читањето со слушање овозможува поголеми придобивки во однос на другиот начин.

**33. Daskalovska, Nina** and Ivanovska, Biljana (2011). Discovering knowledge about synonyms from corpora. *Productive language skills for academic purposes*, pp. 2290234. ISBN: 978-954-9685-64-0.

**Евалуација на трудот:** Од почетокот на 90-тите години на 20 век се појавува сè поголем интерес за користењето на корпусите во наставата по странски јазици. Во овој труд се дискутира за важноста за учениците да ја знаат разликата во значењето на семантички поврзани зборови и се предлагаат активности кои ќе им помогнат на учениците да го збогатат своето знаење за групи на синоними, нивните колокации, нивната употреба и слично.

**34.** Ivanovska, Biljana and **Daskalovska, Nina** (2011). Emotional-wertender Wortschatz der deutschen und der makedonischen Gegenwartssprache. *VI International Language Conference*, pp. 337-341. ISSN 978-954-9685-64-0

**Евалуација на трудот:** Трудот ја опишува лексиката со семантичкиот признак „емоционалност“ во германскиот и во македонскиот јазик, како автономна и самостојна класа во лексичкиот систем. Како важна компонента на стандардната комуникативно-ориентирана лингвистика се јавува емоционалноста и емотивноста во јазикот со своите сличности и разлики.

**35. Daskalovska, Nina** (2011). Enhancing technical vocabulary knowledge in ESP courses. *Professional and Academic English*, 38, pp. 24-27.

**Евалуација на трудот:** Во овој труд се дискутира за важноста на учењето на техничкиот вокабулар за оние изучувачи на странски јазици кои работат во одредени области во кои се користат посебни термини и изрази. Авторот презентира активност која може да им помогне на учениците да го збогатуваат својот вокабулар работејќи сами или во соработка со други ученици.

**36. Daskalovska, Nina** and Ivanovska, Biljana (2011). Information Technology and Learning Styles. *The VI International Balkan Congress for Education and Science: The modern society and education*. ISSN 978-9989-823-33-6

**Евалуација на трудот:** Учениците се разликуваат според начинот на кој учат. Наставниците треба да го имаат тоа на ум и да обезбедат услови за учење за сите ученици, што значи дека треба да користат различни техники и активности на часот. Користењето на технологијата е еден од начините да се одговори на потребите на сите ученици, бидејќи таа овозможува комбинирање на многу елементи така што учениците со различни стилови на учење може да имаат корист од иста активност.

**37. Даскаловска, Нина** (2015). Улогата на фидбекот во подобрување на учењето и успехот на учениците. *Knowledge International Journal*, 5, 10/1, pp. 58-63.

**Евалуација на трудот:** Успехот на учениците зависи од многу фактори. Еден од поважните фактори е фидбекот или повратната информација која учениците ја добиваат од наставникот за нивната работа. Но, видот на фидбекот и начинот на кој наставниците им даваат повратна информација на учениците игра голема улога врз процесот на учење и на постигањата на учениците. За да биде ефективен, освен информација за работата на учениците, фидбекот треба да содржи и насоки и сугестии за понатамошната работа и да ги поттикнува и да ги мотивира учениците да размислуваат за своето учење, да поставуваат цели за учење и да користат стратегии за постигнување на тие цели. Како составен дел на формативното оценување, фидбекот е од особена важност за подигање на стандардите на учење кај сите ученици. Затоа е неопходно наставниците да ги знаат карактеристиките на ефективниот фидбек и стратегиите за давање фидбек заради подобрување на учењето и на успехот кај учениците.

**III. Монографија**

**38. Daskalovska, Nina** (2015). *Literature in English Language Teaching*. Stip: 2-ri Avgust. ISBN 9786084662419

**Евалуација на трудот:** Целта на оваа книга е да покаже дека литературата може и треба да биде дел од наставата по странски јазици преку користење на јазичен пристап кон обработката на литературни дела. Примената на овој пристап е илустрирана на три извадоци од романот „Кон светилникот“ од Вирџинија Вулф. Вториот дел на книгата содржи извадоци од десет романи со соодветни прашања и задачи кои може да се користат на час.

**IV. Речник**

**39. Даскаловска, Нина** (2013). *Англиско-македонски земјоделски речник*. Просветно дело АД, Скопје. ISBN 978-9989-0-0935-8

**Евалуација на трудот:** Поголемиот број англиско-македонски речници се општи и содржат сосема мал број од стручните термини кои се употребуваат во одредени области. Целта на овој англиско-македонски земјоделски речник е да ја пополни празнината во оваа област, особено имајќи предвид дека земјоделството е еден од најважните економски сектори во Република Македонија и непостоењето на специјализиран речник од оваа област го отежнува следењето на литературата и информациите на англиски јазик. Речникот е наменет за ученици, студенти, наставници и земјоделски стручњаци кои користат земјоделска литература на англиски јазик.

**V. Рецензирани електронски скрипти**

**40. Daskalovska, Nina** (2014). *English Language Teaching: Key Issues*. ISBN 978-608-244-069-9.

**Евалуација на трудот:** Скриптата со наслов “English Language Teaching: Key Issues” (Методика на наставата по англиски јазик: Клучни прашања) е наменета како основна литература во изучувањето на наставните содржини по предметот Методика на наставата по англиски јазик и книжевност 1 (пракса). Во неа се вклучени содржини кои се од особена важност во едукацијата на идните наставници по англиски јазик во основното и во средното образование. Скриптата ги содржи следните поглавја: 1. Учесници во наставниот процес; 2. Стилови и стратегии за учење; 3. Мотивација на учениците; 4. Ученичка автономија; 5. Организација на часот; 6. Интеракција во наставата; 7. Давање фидбек и корекција на грешки; 8. Оценување и тестирање; 9. Планирање и дизајнирање на наставна програма; 10. Селектирање и евалуација на учебници; 11. Планирање на наставна единица; 12. Набљудување на настава во училиштата.

**41. Daskalovska, Nina** and Ivanovska, Biljana (2012). *English language teaching methods and approaches*. Goce Delcev University , Stip. ISBN 978-608-4504-81-8

**Евалуација на трудот:** Во оваа скрипта се презентирани најважните методи и приоди во наставата по англиски јазик. Таа е поделена на два дела. Во првиот дел се дава преглед на најзначајните теории за усвојување на мајчиниот и странските јазици, а во вториот дел се опишани повеќе методи кои се користеле во наставата по англиски јазик од 19 век до денес.

**42.** Ивановска, Билјана и **Даскаловска, Нина** (2011). *Граматика на германскиот јазик - морфологија*. UGD Stip 2012. ISBN 978-608-4504-50-4

**Евалуација на трудот:** Морфологијата е дел од науката за јазикот (лингвистиката) која се занимава со проучување на формите на зборовите, нивното образување и нивното граматичко значење. Морфологијата се занимава со надворешната форма на зборовите – нивната градба и поделбата во групи, според граматичките својства. Лингвистички дисциплини тесно поврзани со морфологијата се: лексикологија (ги проучува внатрешната форма и значењето на зборовите); зборообразување (начините на формирање и градење нови зборови); морфосинтакса (употребата на зборовите во реченицата).

**VI. Рецензиран електронски практикум**

**43. Daskalovska, Nina** (2014) *English Language Teaching: Key Issues – Work-book*. ISBN 978-608-244-070-5.

**Евалуација на трудот:** Практикумот со наслов “English Language Teaching: Key Issues - Workbook” (Методика на наставата по англиски јазик: Клучни прашања - Практикум) е тесно поврзан со електронската скрипта со наслов “English Language Teaching: Key Issues” (Методика на наставата по англиски јазик: Клучни прашања). Тој е наменет како дополнување на основната литература во изучувањето на наставните содржини по предметот Методика на наставата по англиски јазик и книжевност 1 (пракса). Практикумот содржи вежби и активности кои ќе им помогнат на студентите полесно да ги разберат и усвојат содржините во скриптата, да формираат свои мислења и да донесуваат свои заклучоци.

**VII. Учество на семинари, конференции, симпозиуми и обуки**

**44.** 5th International Conference on Foreign Language Teaching and Applied Linguistics. 7-9 May 2015, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina. “Assessing pragmatic competence of L2 learners.”

**45.** 25th Conference on British and American Studies, 21-23 May 2015, Timisoara, Romania. “Profiling pragmatic ability of foreign language learners.”

**46.** Sixth International Conference: KNOWLEDGE CAPITAL OF THE FUTURE. 2-4 October 2015, Thessaloniki, Greece. “The role of feedback in improving learning processes and learning outcomes”.

**47.** Петта меѓународна научна конференција Меѓународен дијалог: Исток - Запад (култура, славјанство и економија), 25-26 април 2014 година, Свети Николе, Р. Македонија. *„Форми на работа во наставата по странски јазици*“.

**48.** 2nd International Scientific Conference: Knowledge – Capital of the Future, 21-23 May 2014, Ohrid, R. Macedonia. “The I-perspective and the individual’s inner world reflected in emotional vocabulary”.

**49.** 3rd International Conference on Foreign Language Teaching and Applied Linguistics, 3-5 May 2013, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina. “The effect of reading on incidental vocabulary learning.”

**50.** Четврта меѓународна научна конференција Меѓународен дијалог: Исток - Запад (култура, славјанство и економија), 29-30 април 2013 година, Свети Николе, Р. Македонија. “WebQuest – An effective online tool for language learning and development”.

**51.** The Macmillan Online Conference, Adults Session, 11-15 November, 2013.

**52.** The Macmillan Online Conference, Classroom Tips Sessions, 11-15 November, 2013.

**53.** 4th World Conference on Educational Sciences (WCES). 02-05 February, 2012. University of Barcelona-Spain. “Why should literature be used in the language classroom?”

**54.** 46th Annual lnternational IATEFL Conference, 19-23 March 2012, Glasgow, UK. “How does reading affect reading comprehension, grammar and vocabulary knowledge?”

**55.** 7th International ELTAM-IATEFL-TESOL Conference, 27-28 October, 2012. “Changing the way we assess out students – portfolio assessment”.

**56.** 3rd Scientific–professional meeting “Education in 21st century”, Bitola, R. Macedonia, 09.12.2011. „Тенденција кон интернационализација на наставните програми во високото образование”.

**57.** 45th Annual lnternational IATEFL Conference, 15-19 April 2011, Brighton, UK.
“Can reading authentic texts improve EFL learners’ vocabulary knowledge?”

**58.** 3rd World Conference on Educational Sciences (WCES). 03-07 February, 2011. Bahcesehir University, Istanbul, Turkey. “The impact of reading on three aspects of word knowledge: spelling, meaning and collocation”.

**59.** 6th International Balkan Congress for Education and Science, 30.09.-01.10.2011, Ohrid, R. Macedonia. “Information technology and learning styles”.

**60.** VI International Conference on Language, Linguistics and Literature, 7-8 October 2011, Varna, Bulgaria. “Discovering knowledge about synonyms from corpora”.

**VIII. Рецензии на учебници, скрипти и научни трудови во домашни и меѓународни списанија и зборници**

**61.** Доц. д-р Нина Даскаловска има напишано голем број рецензии за учебници,

скрипти и научни трудови во домашни и меѓународни списанија и зборници:
- 2015 – пет рецензии;
- 2014 – шест рецензии;
- 2013 – пет рецензии;
- 2012 – пет рецензии;
- 2011 – шест рецензии.

**IX. Рецензии на научни трудови опфатени со СЦИ**

**62.** Кандидатката има напишани голем број рецензии за трудови испратени во списанието „Computer Assisted Language Learning" со импакт фактор од 1.000 за 2014 година:
- 2015 – две рецензии;
- 2014 – четири рецензии;
- 2013 – седум рецензии.

**3. *Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

**I. *Учество* во проекти**

**63.** Проект финансиран од УГД, Штип – „Улогата на експлицитните инструкции за стекнување прагматичка компетенција при учењето англиски и германски јазик", 2015-2016.

**64.** Project "Protection and promotion of natural and cultural heritage in the cross-border region of the Municipality of Strumica and Municipality of Kilkis" – HERITAGE IPA Cross-border Programme Greece-Former Yugoslav Republic of Macedonia, 2007-2013.

**65.** Проект на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието: Предлог-систем за континуиран професионален развој на наставничкиот кадар по англиски јазик.

**II. Поважни изборни и други функции и членство**

Во текот на изборниот период кандидатката учествува во голем број активности, комисии и тела на Филолошкиот факултет:
1. Раководител на Катедрата за англиски јазик и книжевност;
2. Раководител за практична настава и клиничка пракса на студентите од Филолошкиот факултет;
3. Член на Одбор за соработка и доверба со јавноста;
4. Член на Комисија за интервју на кандидати пријавени на јавен конкурс на Филолошкиот факултет;
5. Член на Комисија за проверка на постојните учебници од македонски автори кои се користат на Филолошкиот факултет при УГД во Штип;
6. Член на Конкурсна комисија за запишување на студенти од втор циклус;
7. Член на Комисија за изработка на елаборат за додипломски студии и усогласување на наставните планови и содржини на Катедрата по англиски јазик и книжевност;
8. Член на Комисија за изработка на елаборат за постдипломски (мастер) студии и усогласување на наставните планови и содржини на Катедрата по англиски јазик и книжевност;
9. Одговорен уредник на Годишен зборник на Филолошки факултет;
10. Член на уредувачки одбор на Годишен зборник на Филолошки факултет;
11. Член на Наставно-научен совет на Филолошкиот факултет;
12. Член на комисии за полагање на испити;
13. Член на комисии за одбрана на дипломски трудови;
14. Член на рецензентски комисии за избор на соработници и наставници на Филолошкиот факултет;
15. Член на Институт за јазици;
16. Член на Комисија за признавање на испити;
17. Член на Комисија за нормативна и издавачка дејност.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци и приложената документација и во согласност со Законот за високо образование, со Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (Универзитетски гласник бр. 33 од јуни 2015 година), Комисијата со задоволство констатира дека кандидатката доц. д-р Нина Даскаловска во целост ги исполнува сите суштински и законски критериумите за избор во наставно-научно звање *вонреден професор*.

Д-р Нина Даскаловска по изборот за доцент на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип има покажано голема активност на полето на наставно-образовната (НО), научноистражувачката (НИ) и стручно-уметничката (СУ) активност, како и стручно-апликативната и организациско-развојната (САОР) способност, при што може да се констатира дека таа далеку го надминува потребниот квантум за да биде избрана во наставно-научното звање *вонреден професор*.

Рецензентската комисија со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, кандидатката **д-р Нина Даскаловска да биде избрана за наставник во наставно-научно звање *вонреден професор* за наставно-научните области *методика на англиски јазик и методика на литературата по англиски јазик* на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Анжела Николовска, вонреден професор, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Екатерина Бабамова, редовен професор, член, с.р.**
**Проф. д-р Виолета Димова, редовен професор, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Избор во звање доцент | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО** | | **30** | | | **30** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Монографија или научна книга<br>Бр. 38 | 1 | 10 | | | 10 |
| **2.** | Дел од монографија или научна книга<br>Бр. 40. 41, 42, 43 | 4 | 6 | | | 24 |
| **3.** | Прегледен труд<br>(СЦИ/ЦА/останати)<br>Труд бр. 12, 13, 18, 26, 30 | 5х5 | 25 | | | 25 |
| **4.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во (СЦИ/ЦА/останати)<br>Труд бр. 1, 2, 3, 4, 5, 15, 21, 22, 24, 25, 35, 37 (во странство)<br>Труд бр. 7, 8, 9, 10, 11, 16, 17, 19, 20, 28, 29, 31 (во земјава) | 12х3 | 36 | 1х9<br>12х6 | 9<br>72 | 117 |
| **5.** | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир<br>Труд бр. 23, 32, 33, 34 (во странство)<br>Труд бр. 6, 14, 27, 36 (во земјава) | 4х1 | 4 | 4х2 | 8 | 12 |
| **6.** | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 6х1,5 | 9 | 9х2 | 18 | 27 |
| **7.** | Уредник на зборник на трудови | 1 | 2 | | | 2 |
| **8.** | Рецензент на научен труд<br>(СЦИ/ЦА/останати) | 26х1 | 26 | 13х2<br>1х1,5 | 27,5 | 53,5 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **270,5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | Речник | 1 | 4 | | | **4** |
| **2.** | Учесник во научен проект<br>(максимум во три проекти) | 3х5 | 15 | | | **15** |
| **3.** | Шеф на институт/раководител на катедра | 1 | 4 | | | **4** |
| **4.** | Класен раководител, согласно со Кредит трансфер системот - ЕКТС (за четири години)/ раководител за практична настава | 1 | 4 | | | **4** |
| **5.** | Член на универзитетски или владини тела | 1 | 5 | | | **5** |
| **6.** | Член на факултетски орган, комисија | 11 | 2 | | | **22** |
| **7.** | Член на институтски орган, комисија | 1 | 2 | | | **2** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **56** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **356,5** |